Balkan Association for Alternative Tourism

A.B.A.T. BALKANIA – Skopje

BALKANIA

**А.Б.А.Т. БАЛКАНИЈА - Скопје**


NGO: БАЛКАНИЈА- Балканска асоцијација за алтернативен туризам

*Ул: Ленинова Бр. 24. - 1000 Скопје*

Е маил : v.srbinovski@yahoo.com >
vsrbinovski_balkania@yahoo.com
Тел : 078 33 71 71 : 071 30 94 97
**WEB PAGE :** *www.balkania-association.com*
*Предлагач: Владо Србиновски - Председател на Балканија и Кристијан Џамбазовски*


Балканска Асоцијација за Алтеративен Туризам е организација која за основна цел има работа на проекти за интеграција и промоција на целиот Балкан како заедничка туристичка дестинација. Покрај тоа целта на Балканија е да покренува иницијативи и да реализира проекти за афирмација и развој на алтернативните форми на туризам во Македонија да го промовира позитивниот имиџ на земјата и во очите на јавноста да го промовира исклучителното природно, историско, културно и антрополошко наследство а како макро-сектори за развој ги идентификуваме следниве: *Природен туризам, Рурален туризам, Културен туризам и Активен Туризам.*
БАЛКАНИЈА постои од 2009 година и низ активното делување и реализирање на програмските цели има реализирано многу активности:
Промотивни настани , манифестации, презентации, работилници , издадено пропагандни материјали , промоции и успешно реализирано многу проекти. Во своето делување има реализирано повеќе европски проекти од Програмата за доживотно учење ЕРАСМУС +, а во тек сме на реализација на проект од ИПА - програмата Балкан Медитеран .Сите наши проекти и активности се насочени на развој на алтернативниот и развој на туризмот во рурални средини.
Балканија учествува во процесите на градење на невладиниот сектор и активно учествува во ИПА Механизмот за програмирање на ИПА 2 програмата и во телото за формирање на Совет за соработка на Владин и Невладин сектор.

## РЕАЛИЗИРАНИ ЕУ ПРОЕКТИ

*1.– " **AGRITOURISM**" -* 2013 (MKLLP-LDV-A.2.4-2013-00) Strengthening the Capacities of BALKANIA to Promote Agritorism (Lifelong learning programme Leonardo da Vinci – Mobility

2.*" **YOUthCREAtiveTourism** "* **-** Erasmus+KA1: 2015

(2015-1-BG01-KA105-013520 ) - YOU CREATE

*3." **DIFUZNI HOTELI** "-* 2015 / 2016 **Albergo Diffuso** – (2015-1-MK01-KA104-002751 )Learning about culture, tradition and languages throught new forms of sustainable tourism

***4."MOBILLITY FOR SUCCES"*** / Мобилност за успех : 2015 g. ( Br. 2015-2-BG01-KA105-014587)

***5." JUST DO IT "*** - 2016 ( 2016-1-PL01-KA105-024137 ) Erasmus+ KA1

***6.„ SPORT FOR ALL"*** - „ Спорт за сите "Sport 2015 -Collaborative Partnerships (Other topics-Approaches to contain violence and tackle racism and intolerance in sport) K3 : ( 2015-3581/OOI- OO1) Collaborative Partnerships (Other topics-Approaches to contain violence and tackle racism and intolerance in sport)

**ТЕКОВНИ ЕУ ПРОЕКТИ:**

***1.ECVET ENS 2.0*** - 01.12.2016 – 31.05.2019 ( No : 2016-1-MK01-KA202-021665 ) K2 Erasmus + *Recognition and validation of learning outcomes and qualifications in nature- based and rural tourism sector in the framework of the European Credit System for Vocational Education and Training (ECVET)* - Strategic Partnerships for vocational education and trainingCooperation for innovation and the exchange of good practices - *Признавање и вреднување на резултатите од учењето и квалификациите во секторот заснован на природниот и руралниот туризам во рамките на Европскиот кредитен систем за стручно образование и обука ( ЕКВЕТ )*Низ проектот ке се обучат и остручат 2 профили на дефицитарни професии на пазарот на труд со важечки ЕУ сертификати:

**- Менаџери за рурален и агротуризам**

**- Водичи во природа**

***2." INOViMENTOR "*** 2017 – 2019 (INTEREG - IPA Cross Border programme "Balcan Mediteranean " ) Generating SME product and process innovation with a new tourism mobility

Проектот ќе се спроведува во 6 рурални општини а ќе содржи активности за подршка на мали исредни претпријатија од туризмот како да користат иновативни методи за подобруванје на своето работење- зголемување и подобрување на понудата со нови содржини, подобрување на стандардите и квалитет на понудата и иновативен начин на маркетиншко делувањекористејки искуства од земјите партнери во проектот ( Грција , Кипар, Бугарија , Албанија , Македонија ) и од други европски земји

**Почитувани,**

На основа на упатениот повик за активен придонес во подготвувањето на програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 од име на Асоцијацијата БАЛКАНИЈА ви доставуваме предлози за политики и приоритетни активности во туризмот со предлог мерки кои ќе овозможат брз развој на туризмот.

***Институционална инфраструктура и организациона поставеност во туризмот***

Краток преглед на моментална ситуација

Моментално главно тело одговорно за туризам и определување на политиката во туризмот е Министерството за економија т.е. секторот за туризам при министерството кои ги изготвуваат стратешките документи за развој, додека Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот е одговорна за промовирање на Македонија како туристичка дестинација , но и за зголемување на конкурентноста на македонскиот туристички производ преку секторите за промоција и поддршка, истотака Агенцијата е одговорна за спроведување на програмата за субвенционирање на тур-операторите. Одделно за надзорот и контролата се одговорни други институции како пазарната инспекција кога станува збор за сместувачки капацитети и локалните самоуправи кога станува збор за приватно сместување. Категоризацијата на хотелите се врши од страна на Министерство за економија, додека пак за категоризација на камповите е надлежна Агенцијата за туризам.

Со ваквата поставеност Агенцијата за туризам претставува нешто помеѓу нецелосно министерство за туризам и Национална туристичка организација, т.е. распределбата на надлежностите посебно во поглед на развој на туризмот помеѓу двете институции Агенција за туризам и Министерство за економија не е доволно прецизна, а решавањето на покомплексни прашања каде има подлабоки проблеми како со автокамповите, планинарските домови кои се потребни во туристичката понуда или создавање услови за развој на туризмот во рурални средини стануваат нерешливи прашања.

Како резултат на ваквата поставеност сите инволвирани институции не се во можност квалитетно да ја имплементираат стратегијата за развој на туризмот и делуваат некоординирано на моменти со преклопување на одговорности при што не се во можност да обезбедат квалитетни решенија и брз напредок на туризмот, а се забележува дека целосно недостасува функционална структура за туризмот помеѓу национално ниво и општините, т.е поврзаност на макро, мезо и микро ниво што доколку остане незабележано ќе биде вечна пречка за развојот на туризмот во Македонија и ќе допринесат за намалување на ефективноста од маркетиншките кампањи.

За да се овозможи што побрз развој во туризмот и да се избегне мултиплицирањето на одговорности помеѓу институциите предлагаме префрлање на сите прашања за туризам во една институција која ќе создаде внатрешна структура која ќе ги вклучи следниве делови:

Сектор за политики во туризмот, меѓународна соработка и ЕУ /превземање на секторот за туризам од МЕ и дел од секторот на поддршка при АППТМ/

**1.** Сектор за конкурентност и инвестиции. /Превземање на дел од секторот за туризам МЕ, за поддршка при АППТМ и дел од одделението за промоција/

**2**.Сектор за управување со туристичка дестинација /Превземање на лица од секторот за туризам при МЕ од ЗЕЛС и секторот за поддршка при АППТМ/

**3.**Сектор за маркетинг, промоција и информирање /Во основа составен од лица од АППТМ сектор промоција/

**4.**Сектор туристичка инспекција /превземање на дел од пазарна инспекција и секторот поддршка при АППТМ/

**5**.Други сектори од општата администрација за управни, стручни и административни работи. /постоечки кадар од АППТМ – финансии,човечки ресурси и др./

***Предлагаме неколку опции за оформување институција која би била одговорна за управување со вака предложената структура:***

1.Министерство за туризам - Новоименувана институција составена од постоечки кадар кој моментално е распределн по повеќе институции

2.Министерство за животна средина, туризам и просторно планирање – со назначен заменик министер одговорен за туризам.

3.Министерство за култура и туризам – со назначен заменик министер одговорен за туризам.

Ваквата организациона поставеност под една институција ќе овозможи добри услови за:

- Градење стратегија и прецизна развојна политика во туризмот
- Искористување на европските фондови за проекти
- Унапредување на законот за туризам и угостителство
- Збогатена понуда на традиционални македонски производи и услуги
- Одржливо користење на туристичкиот простор
- Категоризација на сите типови сместувачки објекти
- Порамномерен регионален развој
- Создавање на фондови за развој на туризмот во рурални средини.
- Спроведување на мерки преку кои ќе се поттикнува развојот на туризмот
- Квалитетна промоција на туризмот во земјата и во странство
- Воведување ред и контрола во туристичката дејност
- Решавање на имотно правни прашања во туризмот/како случајот со кампов и планинските домови/

- Зголемување на конкурентноста на македонскиот туристички производ.
- Развој на ловниот и други видови туризам за кои има услови
- Истражување на туристичките пазари.
- Создавање на поврзан систем во туризмот на макро, микро и мезо ниво и др.

1. Развојни политики за унапредување на условите во туризмот.

Министерството одговорно за туризам со вака предложена поставеност ќе може брзо да го раздвижи туризмот па и економијата преку следниве мерки и активности:

А. Поддршка преку директна изработка на проекти со сопствени и европски средства како би дошло до проширување на туристичката понуда како и дисперзија по целата територија и вклучување на што повеќе рурални области, зачувување на традициите и национални вредности и подобрување на животот во руралните средини. Преку огласи или поддршка на одржување манифестации од значење за туризмот, потоа обуки и др. Колку поширока е понудата, толку побогат е програмскиот дел во пакетите т.е. наместо долг престој на едно место ќе имаме динамични тури со посета на повеке места и зголемување на нивото на атрактивност со што би се зголемил и бројот на ноќевања како основен показател за придобивките од туризмот.

Б. Мерки за финансирање на проекти од областа на туризмот преку финансиски програми на Македонска банка за обнова и развој или други извори преку кои ќе се овозможи заживување и сочувување на руралните средини, но и на долг рок миграција град село – да не заборавме 4 кревети за сместување во рурална средина се еднакви на едно вработување.

Б. Ползите се повеќекратни – економски, еколошки, социјални и безбедносни

2. Инфраструктура и создавње услови

А. Одличен пример имаме со ТАВ Македонија – примерот да се следи на граничните премини. Да се обезбедат санитарни јазли и услови при задржување на едно место на повеќе луѓе.

Б.Изработка и етапна реализација на проекти од повеќе видови туризам –класични и алтернативи.

Б. Спортски туризам/определување и уредување локации /, риболовен, ловен, градски туризам, манифестациски,културен, езерски, транзитен, еко, набљудување на птици, хербален, екстремно скијање и санкање и др. За кои има достапно и европски средства за финансирање ефектот би бил огромен и со силно економско, социјално, еколошко и безбедносно влијание. Создавање услови на цела територија осигурува и нејзина контрола

## I. Предлог мерки ззабрзан развој на туризмот

ТУРИЗАМ: *Туризмот и земјоделието се најголеми компаративни предности за економски развој на Македонија*

*Да се промовира Македонија како еко туристичка дестинација и да се стимулира економски и одржлив развој со грижа и одржливо користење на богатото културно наследство и грижа за природата и животната средина*

*Активниот туризам ги опфаќа сите Алтернативни форми на туризам и постојано е во нагорна линија - Културен туризам , Рурален туризам , Екотуризам , Агритуризам*

***Предности нз Македонија :***

- Здрава животна средина
- Немање тешка индустрија
- Географска положба
- Избалансирана храна
- Погодна клима
- Многу сончеви денови
- Големо природно богатсво
- Пребогато културно наследство
- Традиционални производи
- Традиционална гостољубивост
- Транзитен коридор

***Недостатоци:***

- Лоша патна инфра структура
- Недоволна едуцираност
- Недоволно извори на пари
- Неусогласена легислатива
- Мал пристап до фондови
- Нерешени имотно правни односи на сопственоста
- Зависност на локалната од централната власт

*Иницијативи:*

- Создавање на мали семејни бизниси во рурални средини –

Вклучување на младата популација во овие процеси како движечка сила која може да ги менаџира семејните бизниси следејќи ги современите текови и вклучување на жените и возрасните како столбови на семејствата во руралните средини

- Адаптирање на семејни куќи во сместувачки капацитети
- Иницијативи за оформување на микро фарми и микро фирми и рзвивање на фарми за органски производи
- Потикнување на постоечките фарми за збогатување со туристичка понуда и услуги за туристи
- Едуцирање на локалното население и пренесување на искуства и добри пракси

*Очекуван резултат од локален и одржлив развој во руралните средини е подобрување на локалните економии. Создавње на туристичка понуда во рурални средини е предност за земјата бидејќи не еврзана со кусите туристички сезони како летната туристичка понуда на езерата или зимската сезона на планините. Малите туристички објекти во рурални средини ќе бидат достапни преку целата година .*

- Да се намали миграцијата село - град и да се намали иселувањето од државата
- Да помогне во намалување на сиромаштијата и подобрување на животниот стандард
- Да се подобри туристичка понуда које сега е несоодветна на потенцијалите и недоволно организирана за овој вид на туризам кој е во се поголем подем во светот
- Да се создава покомплетен туристички производ што ќе ја збогати туристичката понуда и ќе ја направи нашата земја поафирмирана и поатрактивна за туризам

***ПРЕДЛОГ МЕРКИ:***

*1.ОФОРМУВАЊЕ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТУРИЗАМ* :

(Заедно со друго или во склоп на друго министерство)

Предлогот е заснован на големата компаративна предност со големите културно историски , природни , цивилизациски и антрополошки вредности на земјата за економски развој преку развој на туризмот. Базирано на неусогласено и некоординирано делување во сектори поврзани со туризмот во повеќе министерства со Агенцијата за Туризам . ( Министерство за Економија – сектор за Туризам , Министерство за земјодлие - сектор за рурален развој , Општина на град Скопје - сектор за туризам , Министерство за Култура – сектор за заштита на културно наследство , Министерство за животна средина и просторно планирање - сектор животна средина и сектор за природа и другите сектори се во директна корелација со туризмот )

*2. СОЗДАВАЊЕ НА ГАРАНТЕН ФОНД :*

Создавање услови , олеснување на можностите и достап до мали кредити со пониски камати за вложување во мали семејни бизниси во руралните средини во областа на туризмот .

Потреба од создавање државен гарантен фонд за земање на мали кредити со пониски камати во рурални средини. Потребата од создавње сместувачки капацитети во рурални средини е приоритет и потреба а приватните иницијативи кои постојат не можат да се реализираат бидејќи деловните банки покрај високите камати за вакви инвестиции бараат нереално високи гаранции како хипотеки . Сметаме дека земените кредити вложени во семејна куќа или друг објект заедно со

бидејќи е подостапна територијата, одржливост како економска така и еколошка и безбедносна.

3. Субвенции

Ревизија и подобрување на начинот на субвенционирање. Чартерите во една засебна програма, но и обезбедување субвенции за помали оператори и агенции.

5.Туристички развојни зони

5.1 Добро е да има развојни зони, но со друг пристап што не подразбира градење огромни комплекси туку можност за изградба на мали објекти од сите категории во нив и кампови и бунгала /понуда за сите и можност за инвестирање за сите/. Развојната зона Попова шапка да се премести во Тетово. На Попова Шапка развојна зона би била штетна за природата, а во тетово во близина на гондолата една развојна зона ќе го промени градот и граѓаните. /ТУРИЗМОТ ГО УНИШТУВА ТЕРОРИЗМОТ/ и повторно за градот економски, социјални , еколошки и безбедносни придобивки.

3. Промоција – зголемено присуство на постоечките како и отварање нови пазари.

- Изработка на квалитетни тематски брошури на повеќе јазици
- Прецизна дистрибуција
- Фокусирање на регионалните пазари /Бугарија, Србија, Босна, Хрватска, Словенија и др. И организација на денови на македонскиот туризам, инфо тури за новинари, он-лине промоција, оутдоор кампања и др./- регионалните пазари се најодржливи на долг рок – нив не може да ги запре економска криза или друг потрес, додека пазарите кои пристигнуваат авионски се многу ранливи на такви промени.
- Одржување, развивање и проширување на пазарите каде имаме добра позиција/Холандија,Турција , но и проширување кон други со силен потенцијал како пазар за македонсата туристичка понуда како Германија,Полска,Австрија, Италија, Англија преку конкретни активности – комуникација со големи оператори, презентации, инфо тури, квалитетно и прецизно субвенционирање./
- Подигање на свеста за квалитетот на Македонија како дестинација на домашниот пазар.

нејзината номинална вредност можат да бидат гаранција за земање мали кредити . За реализирање на мерката не се потребни живи пари туку изнаоѓање на исңтрументи на следење и контрола на тие процеси.

*3. ПРОМЕНА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА :* ( Категоризација на објекти во рурални средини )

Во моментов категоризацијата на индивиндуалните сместувања во рурални средини е во законот за угостителство и е несоодветна и дестимулирачка .

*4. ПОДОБРУВАЊЕ ПРОГРАМИТЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА* ( преку формално и неформално образование )

За дефицитарни професии кои не се опфатени со образовниот систем на формалното образование а се барани на пазарот на труд во земјата и во ЕУ заедницата

Пример : Верифицирана програма за обуки и лиценцирање на професијата – ВОДИЧИ ВО ПЛАНИНА која од оваа година е функционална и веже има профилирано над 40 лиценцирани водичи во планина.

5. *ПРОМЕНА НА КОНЦЕПТОТ НА ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ* Пример : Попова Шапка - Наместо да се градат голем број објекти на Попова Шапка потребно е да се подобри досттапноста СО ИЗГРАДБА НА ЖИЧАРНИЦА а во Тетово и во линијата на подножјето на планината , Гостивар и се до Маврово да се искористи постоечката инфра структура и да се создадат услови за градба на хотели и друга туристичка понуда .

- „ *ШАР ПЛАНИНА „- НАЦИНАЛЕН ПАРК* Хитно прогласување на Шар планина за национален парк

*6. СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ВЛОЖУВАЊА ВО ТУРИСТИЧКИ КАПАЦИТЕТИ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ*

Даночни олеснувања или целосно ослободување од даночни обврски (10 години ) за нови вложувања во туристички капацитети во рурални средини. Посебни мерки за поттикнување и субвенционирање проекти во областа на туризмот во неразвиени подрачја со цел основање нови компании /start up програма/.

7. *ДОУРЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АВТО КАМПОВИ -* Законот за авто кампови не ги постигна очекуваните резулатати и наместо да ги подобри условите и да го зголеми бројот на новоизградени авто кампови драстично го намали бројот на постоечките .

*8. СОЗДАВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ТРАНЗИТЕН ТУРИЗАМ -* Неопходно потребно и итно создавање услови за изградба и уредување на простори за одмаралишта со основни хигиенски услови и туристичка понуда долж меѓународните магистрални патишта и граничните премини .

*9. СОЗДАВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИ ПЛАНИНАРСКИ ДОМОВИ И ПЛАНИНСКИ КУЌИ –* Решавање на проблемите со имотно правните односи на дел од постоечките планинарски домови и создавање услови за изградба на нови планински куќи

*10. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МРЕЖИТЕ НА ПЛАНИНАРСКИ ПАТЕКИ И ПЛАНИНСКО - ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ*

Имаме извонредни услови за вакви форми на активен туризам – несоодветно искористени а вложување во ваков вид на туристичка понуда ќе даде многукратен бенефит во однос на вложувањата. ( Ако се направи компарација со Словенија - нивната понуда и нивните резултати за број на ноќевања на годишно ниво , резултатите се зачудувачки – околу еден милон ноќевања годишно во домови и планински куќи)

*11. ВОВЕДУВАЊЕ НОВ СИСТЕМ НА НАПЛАТА НА ПАТАРИНИ*

Сегашниот систем на наплата на патарини се покажа неефикасен заради што Македонија станува точка на застој и патниците помасовно избираат транзитна алтернатива. Промена на системот за наплата на патарини ќе овозможи побрз развој на транзитниот туризам. Како добра пракса се покажа наплатата со винети применета во повеќето европски држави.\

12. ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТОТ ПОМЕЃУ ВЛАДИНИОТ И НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР

Што поитно формирање на советот каде председател на советот би бил претставник од невладиниот сектор и советот да има еден повеќе претставник од невладиниот сектор во однос на претставниците на владата - за реално функционирање на советот.

*13. КАНДИДИРАЊЕ НА ГРАД ЗА ЕВРОПСКА ПРЕТСТОЛНИНА НА КУЛТУРАТА*

Европска претстолнина на културата – се доделува секоја година за еден град од две држави од ЕУ. За периодот 2020 до 2033 година променети се правилата со проширување на листата со земјите кандидати за ЕУ кои можата да аплицираат на секој три години. Тоа претставува одлична шанса за Македонија и Охрид да аплицираат за 2024г. за европска претстолнина на културата.

https://ec.europa.eu/programmes/creative-europe/actions/capitals-culture_en

**Владо Србиновски** – Председател на Балканија

**Кристијан Џамбазовски** – Член на управен одбор

БАЛКАНИЈА
- СКОПЈЕ -
АСОЦИЈАЦИЈА ЗА БАЛКАНСКИ АЛТЕРНАТИВЕН ТУРИЗАМ